ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-60/13

Дата: 10.10.2017

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии Управа за јавни приходи (во натамошниот текст УЈП) на сметката за основниот буџет (637) за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на УЈП за 2016 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, извршена е ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за финансии Управа за јавни приходи и издаден е извештај за кој е изразен заклучок дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што е утврдено дека две препораки се спроведени, три препораки делумно се спроведени, а спроведувањето на две препораки е во тек.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- во ноември 2016 година донесен е нов акт за систематизација на работните места согласно кој на вработените, договорите за вработување им се распределени во текот на 2017 година;
- не е извршено оценување на вработените за 2016 година;
- не е воспоставена сметководствена евиденција и не се изработени завршни сметки за сите сметките со кои располага УЈП;
- УЈП не располага со имотен лист за објектот во кој е сместена Генералната дирекција, како доказ за сопственост/користење на зградата,
- не е извршена проценка на вредноста на градежните објекти во Битола и Прилеп кои се доделени на трајно користење на УЈП со Одлука на Влада на РМ, како и не е извршено нивно сметководствено евидентирање.
- пописот на средствата и изворите на средствата не е извршен целосно согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- не е воспоставена сметководствена евиденција на залихите на запленетиот имот на УЈП, како и не е извршен попис на истите;
- преземени се обврски за користење на интернет услуги по договор за јавна набавка од минати години.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби кои се однесуваат на тоа дека УЈП располага со сопствен недвижен имот само за објект во кој е сместена ДГДО, деловен објект во Струмица, Битола и Прилеп. За останатите организациони единици на УЈП, како деловен простор се користи недвижниот имот на други правни лица, поради што постојат потешкотии во секојдневното функционирање. Во насока на надминување на ваквата состојба, УЈП во соработка со надлежните институции, треба да отпочнат активности за регулирање и решавање на начинот на користење на недвижните ствари во кои се сместени организационите единици на УЈП, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.
Исто така извршивме обелоденување за судските постапки кои се во тек, во кои тужена страна е УЈП, како и за прифатените корекции во текот на ревизијата кои имаат влијание на финансиските извештаи.

Во делот на Останати прашања истакнуваме дека УЈП води даночна евиденција, во која се евидентираат обврските и плаќањата на секој даночен обврзник, по видови на даноци. Побарувањата за ненаплатените даночни обврски на ден 31.12. во тековната година не се искажани ниту во финансиските извештаи на УЈП ниту во финансиските извештаи на Основниот буџет на РМ, кои побарувања

претставуваат идни приходи на буџетот на републиката. Наведената состојба има влијание врз креирање на макроекономската политика на РМ и планирањето на приходите во Буџетот на РМ, поради што ревизијата смета дека потребно е УЈП во соработка со надлежните органи да преземат активности за надминување на наведената состојба односно сметководствено евидентирање на побарувањата по основ на даноци и нивно прикажување во финансиските извештаи.

Од страна на овластеното лице на УЈП добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-60/6 од 01.08.2017 година, истите се разгледани и утврдено е дека претставуваат известување за превземени активности за надминување на констатираните состојби по дадените препораки.

1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 20-22 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии Управа за јавни приходи на сметката за основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, извршена е ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за финансии Управа за јавни приходи и издаден е извештај за кој е изразен заклучок дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерство за финансии Управа за јавни приходи застапувано од:

- Кирил Миноски, директор од 10.11.2015 до 30.06.2016 година
- Петар Есмеров, директор од 30.06.2016 до 20.07.2016 година и
- Анастасија Илиеска, директор од 20.07.2016 година до 16.06.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.03.2017 до 12.05.2017 година кај Министерство за финансии Управа за јавни приходи, на сметката на основниот буџет (637) за 2016 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2013 година, број 09-264/5 од 17.09.2014 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од дадените седум препораки две препораки се спроведени, три препораки делумно се спроведени, а спроведувањето на две препораки е во тек.

4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од Управа за јавни приходи, предмет на ревизија, одржан на ден 30.05.2017 година.

Од страна на овластеното лице на УЈП добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-60/6 од 01.08.2017 година, истите се разгледани и утврдено е дека претставуваат известување за превземени активности за надминување на констатираните состојби по дадените препораки.

Констатирани се следните состојби:

4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Согласно член 13 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор УЈП има обврска да воспостави контролни активности заради справување со ризиците и постигнување на целите. Во текот на 2016 година, вработените во УЈП, своите работни задачи и активности ги извршуваат согласно актите за организација и

систематизација[1]. Од извршениот увид во горенаведените акти, ревизијата го констатира следново:

- согласно Правилникот за систематизација во 2011 година во УЈП формиран е Сектор за финансиски прашања (СФП), со две одделенија - Одделение за буџетска координација и буџетска контрола и Одделение за сметководство и плаќање, со предвидени вкупно 27 работни места, од кои пополнети се само 9 (девет) работни места. Имајќи ги во предвид обемот на надлежностите на УЈП, се наметнува потребата од превземање на активности за кадровско доекипирање на сектор за финансиски прашања. УЈП во 2016 година, нема побарано согласност до МФ за вработување на лица во секторот за финансиски прашања;
- обврските околу изготвувањето на буџетот, изготвувањето на годишните и кварталните финансиски планови ги извршува раководителот на СФП, од причина што работните места во одделението за буџетска координација и буџетска контрола не се пополнети. Согласно ЗЈВФК, раководителот на СФП, треба да врши контрола на целокупниот процес на подготовка и извршување на буџетот;
- согласно член 21 од ЗЈВФК, раководителот на субјектот е одговорен за спроведување на ex-ante и ex-post финансиската контрола. Во УЈП ex-ante финансиската контрола ја спроведуваат самостојните референти – контер билансисти, кои покрај ex-ante финансиската контрола вршат и сметководтсвено евидентирање/ контирање на соодветно расходно конто. Ваквата состојба предизвикува едно лице во исто време да е одговорно за сметководствено евидентирање и контрола во субјектот. Во текот на ревизијата орговорното лице на УЈП со решение[2] овласти друго лице за извршување на ex-ante финансиската контрола.

  Ex-post финансиската контрола ја спроведува раководителот на одделението за сметководство и плаќање со посебно овластување. Спроведувањето на ex-post финансиската контрола, не е предвидена во Правилникот за систематизација.

Ваквиот начин на организирање на работните задачи и активности предизвикува недоволна сегрегација на должностите во секторот за финансиски прашања, врз основа на што се зголемува ризикот од грешка, загуба или погрешно постапување, како и ризикот од нивно неоткривање.

[1] Правилник за организација и работа на МФ-УЈП број 02-41477/4 од 15.12.2008, број 02-4738/1 од 08.02.2011 година, број 02-42678/1 од 04.12.2012 година и број 02-32352/2 од 15.11.2013 година и Правилник за систематизација на работните места на МФ-УЈП број 02-41477/5 од 15.12.2008; број 02-16322/1 од 04.05.2011 година, број 02-42679/1 од 04.12.2012 година, број 02-32352/3 од 15.11.2013 година и број 01-23742/1 од 15.07.2014 година

[2] Решение за овластување за ex-ante контрола број 04-4325/1 од 31.05.2017 година

Препорака:
Одговорното лице на УЈП да преземе мерки и активности за:
- кадровска екипираност на секторот за финансиски прашања,
- целосно воспоставување на поделба на должностите, со цел да се оневозможи едно службено лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола и
- предвидување на извршувањето на Ex-post финансиската контрола во актот за систематизација.

4.1.2. Истакнуваме дека со извршената ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Македонија за 2016 година, го опфативме и функционирањето на воспоставените контролни постапки во информационите системи на Управата за јавни приходи, во однос на даночните приходи кои се законска надлежност на УЈП и констатираните состојби се елаборирани во Конечниот извештај на Основниот буџет на Република Македонија за 2016 година.

4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во ноември 2016 година, донесен е нов Правилник за систематизација на работните места[3] во УЈП, согласно кој во годината предмет на ревизија, вработените немаат потпишано нови договори за вработување во УЈП. Иако согласно член 13 правилникот за систематизација ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација, односно од ноември 2016 година, постапката на издавање на решенијата, започнала во 2017 година.

Од страна на УЈП доставено е известување дека до денот на завршување на ревизијата се издадени решенија/договори за сите вработени и е извршено нивно распоредување на соодветните работни места.

Исто така, со новиот акт за систематизација извршена е промена во статусот на триесет и пет вработени, односно од статус на помошно-технички персонал, вработените се стекнуваат со статус на административни службеници чии права од работен однос, како и начин на утврдување на платата се регулираат со Законот за административни службеници. За овие вработени и покрај тоа што се издадени Решенија за стекнување на статус на административен службеник, платата им е утврдена и истата ќе се пресметува според бодовите утврдени со Колективниот договор на УЈП и Проценката на работните места во УЈП[4].

[3] Правилник за систематизација на работните места во Министерство за финансии – Управа за јавни приходи број 01-6477/5 од 04.11.2016 година

[4] Проценката на работните места во Управата за јавни приходи изразена во бодови, број 01-78/2 од 05.01.2015 година.

Ваквиот начин на пресметка на платите не е во согласност со Законот за административни службеници и предизвикува разлика во исплата на платата помеѓу вработени со ист статус, како и исплата на повеќе средства по основ на бруто плата на месечно ниво, во износ од 109 илјади денари.

Во текот на ревизијата, од страна на УЈП доставено е Барање за мислење[5] до Министерство за информатичко општество и администрација, за основот по кој треба да се утврдува и пресметува платата на овие вработени, по кое добиен е одговор дека ...."*УЈП треба да продолжи со пресметка и исплата на плати на своите вработени како што тоа и досега го правела, без зголемување или намалување на платите на вработените, по основ на новата систематизција на работните места за која имаат добиено согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација*"...

Препорака:

Одговорното лице на УЈП да преземе мерки и активности за утврдување и пресметка на платата на вработените согласно новиот акт за систематизација на работните места во УЈП.

4.2.2. Вработените во УЈП, согласно Законот за УЈП, се поделени во три категории и тоа: даночни службеници, вработени кои вршат работи во областа на финансиското, административно, материјално работење и јавни набавки со статус административни службеници, како и помошно-технички персонал. Согласно член 37 од погоре споменатиот закон, даночните службеници треба да бидат оценувани еднаш годишно, најдоцна до првото тримесечје од следната година за годината која што изминала, како и во текот на годината, пред да се даде годишната оценка, како основа за донесување на одлуки за распоредување, унапредување и дисциплинска одговорност на службениците. Вработените кои имаат статус на административни службеници задолжително треба да се оценуваат еднаш годишно, најдоцна до 1 декември во тековната година, согласно член 65 од Законот за административни службеници.

УЈП има донесено Правилник и Методологија за оценување на даночните службеници[6] со кои се уредува начинот на спроведување на оценувањето на работата на даночните службеници. И покрај законската обврска за оценување на вработените, УЈП не го спровела годишното оценување на вработените за 2016 година.

Неспроведувањето на постапката на оценување има влијание врз носењето на одлука на одговорното лице на УЈП за распоредување, унапредување или дисциплинска одговорност на вработените.

[5] Барање на мислење до МИОА, број 15-3247/1 од 11.04.2017 година.

[6] Правилник за начинот на спроведување на оценувањето на работата на даночните службеници број 15-2228/1 од 24.03.2016 година и Методологија за оценувањето на работата на даночните службеници број 15-2228/2 од 24.03.2016 година,

Препорака:
Одговорните лица на УЈП да преземат мерки и активности за редовно спроведување на задолжителното оценување на вработените.

4.2.3. УЈП за 2016 година има воспоставена сметководствена евиденција и изработено завршни сметки за сметките на основен буџет 637 и 631.
Од извршениот увид на документот - Изјава од одговорното лице на УЈП за сметките со кои располага, ревизијата утврди дека во текот на 2016 година УЈП располага и со следниве сметки:

- 696 10 – депозитна сметка, со состојба на ден 30.12.2016 година, во износ од 38.820 илјади денари, на која се вршат уплати на парични средства од впаричување на имот во постапка на присилна наплата на даночни долгови и од стечајна маса за наплата на даночни договори од стечајни должници. Средствата како даночни приходи од наплата на даночни долгови, понатаму се распоредуваат (пренесуваат) на уплатните сметки за јавни приходи во Буџетот на РМ,
- 696 25 – депозитна сметка, отворена во 2013 година, со цел да се пренесат преостанатите парични средства од сметките на субјектите кои се пренесени во УЈП од поранешната Агенција за работа со блокирани сметки, а кои согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва[7] се избришани од Централниот регистар на РМ. На оваа сметка, заклучно со 19.09.2014 година, искажано е салдо во износ од 2.986 илјади денари,
- 696 30 – депозитна сметка, отворена во месец ноември 2016 година за присилна наплата од сметките на обврзници кои не поднеле пресметка на плата, која УЈП се уште не започнала да ја користи, односно не се евидентирани средства на крајот на годината,
- 785 16 – донаторска сметка, на која заклучно со 12.04.2010 година, се искажани средства во износ од 1.706 илјади денари по основ на рефундирање на ИПА средства за кофинансирање на влезен билет за учество во програмата Community Programme Fiscalis 2014 и
- 785 20 – донаторска сметка, на која заклучно со 18.06.2010 година се искажани средства во износ од 1.652 илјади денари, по основ на рефундирање на ИПА средства за кофинансирање на влезен билет за учество во програмата Community Programme Fiscalis 2013.

За погоренаведените сметки не е воспоставена сметководствена евиденција, како и не се изработени завршни сметки, што не е во согласност со член 16 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, согласно кој субјектите имаат обврска за сметките со кои располагаат да изработат финансиски извештаи, завршни сметки и други податоци согласно закон.

[7]Закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва Службен весник на РМ број 166 од 26.12.2012 година

Во текот на ревизијата УЈП достави дописи до МФ – Сектор за финансиски систем[8] за добивање мислење и насоки за постапување со средствата на депозитните сметки, за воспоставување на сметководствена евиденција и за изработување на завршни сметки за истите, за кои до денот на известувањето за ревизијата не е добиен повратен одговор.
Исто така, УЈП во текот на ревизијата, изработи и достави завршни сметки до Централен регистар на РМ за донаторските сметки (785 16 и 785 20).

Препорака:
Одговорното лице на УЈП да продолжи со започнатите активности за воспоставување на сметководствена евиденицијa и изработка на завршни сметки за сите сметки со кои располага и нивно доставување до надлежните институции.

4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Во финансиските извештаи за 2016 година евидентирани се градежни објекти во вкупен износ од 133.578 илјади денари. Од извршениот увид во приложената документација ревизијата ја утврди следнава состојба:

- УЈП не располага со имотен лист за објектот во кој е сместена Генералната дирекција на УЈП, како доказ за сопственост/користење на зградата. Во материјалната евиденција се евидентирани 7, 8, 9, 10 и 11 спрат во кој е сместена Генералната дирекција врз основа на вредност утврдена со решение[9] и записник за примопредавање[10], додека евидентираната вредност за 3 спрат е врз основа на финансиска документација за извршена реконструкција на објектот;
- со Одлука на Влада на РМ на УЈП и се доделени на трајно користење градежни објекти во Битола и Прилеп, за кои не се преземени активности за утврдување и проценка на вредноста на објектите и нивно евидентирање во сметководствената евиденција на УЈП. Доделените објекти се евидентирани во материјалната евиденција на УЈП со вредност нула;
- за 2016 година не е извршено осигурување на објектите во кои е сместена УЈП, што не е во согласност со член 11 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост согласно кој државните органи треба да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари. Во 2017 година,

[8] Известување до МФ – Секот за финансиски систем – Секот трезор број 19-3647/1 од 02.05.2017 година и број 19-3647/2 од 01.06.2017 година
[9] Решение за утврдување на Делбениот биланс помеѓу Министерството за финансии и Управата за јавни приходи како орган во состав на Министерството за финансии број 16-22756/1 од 17.09.2004 година
[10] Записник за размена – примопредавање на недвижни ствари (деловен простор) број 03-43/11 од 11.02.2008 година

спроведена е постапка за јавна набавка и склучен е договор за осигурување на градежните објекти.

Ваквата состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и влијаат на реалното и објективно искажување на состојбата на градежните објекти во Билансот на состојба.

Во текот на известувањето на ревизијата, одговорното лице на УЈП со решение овласти лице (проценител) да изврши процена на недвижниот имот во Битола и Прилеп.

Препорака:
Одговорното лице на УЈП да преземе мерки и активности со цел да се обезбеди комплетна и уредна документација за недвижностите врз основа на која истите се воведени во сметководствената евиденција, како и да ја утврди пазарната вредност на објектите во Битола и Прилеп и нивно сметководствено евидентирање во финансиските извештаи на УЈП.

4.3.2. Со извршениот увид во сметководствената евиденција поврзана со постојаните средства на УЈП и документацијата од извршениот попис на средствата и изворите на средства, со состојба на ден 31.12.2016 година, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- пописните комисии извршиле физички попис на целокупниот инвентар на УЈП по локација/просторија во која се наоѓаат, како и попис на материјалите и ситниот инвентар на залиха и изработени се пописни листи кои во најголем дел не се целосно пополнети. Пописните листи содржат само количини по попис, без вредносни показатели поединечно за секое средство, со што е оневозможено усогласување на фактичката со сметководствената состојба, како и утврдување на евентуални разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба.
- во материјалната евиденција на основните средства извршено е разграничување/групирање само на дел од средствата по организациони единици на УЈП, што го отежнува усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба,
- голем дел од опремата на УЈП не е означена со инвентарни броеви, или пак има инвентарни броеви кои не кореспондираат со ознаките во материјалната евиденција на основните средства, особено за средства наследени од други субјекти стекнати врз основа на делбени биланси, за кои УЈП нема утврдено вредност, односно истите ги води во материјалната евиденција со вредност “нула”,
- пописната комисија не го утврдила правниот основ, старосната структура, како и причините за неплатените обврски кон добавувачите, согласно член 31-в од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, што

влијае на потврдување на реалноста на искажаните износи на обврски. Во текот на ревизијата доставен е Преглед на старосна структура на неплатените обврски со состојба 31.12.2016 година и е утврдено дека 65% од евидентираните обврски се со над 60 дена доспеаност,

- не е извршен попис на инвестициите во тек, односно не е утврден степенот на довршеност на инвестицијата и нејзино правилно евидентирање на соодветните сметки во сметководствената евиденција. Со ревизорски техники утврдивме дека инвестициите во тек се однесуваат за состојби започнати од 2005 година па наваму и тоа по следниве основи:
  - вложувања во изградба на градежен објект врз основа на договор за купопродажба на недвижен имот[11], согласно кој во текот на 2005 година се исплатени средства во износ од 35.000 илјади денари за кои е поведена судска постапка и донесена пресуда во корист на УЈП и предметот е на извршување кај извршител,
  - вложување во реновирање и адаптација на регионална дирекција Штип, по договор за реновирање и ентериерно уредување на просторот[12], во вредност од 5.827 илјади денари и
  - вложување во реновирање и адаптација на регионална дирекција Скопје, по договор за изведба на градежно занаетски работи[13], во вредност од 3.540 илјади денари.
- од страна на Централната пописна комисија, врз основа на извештаите од поодделните пописни комисии, дадени се предлози за преземање на понатамошни активности по спроведениот попис и изработени се Преглед на основни средства за расход и Преглед на електронска опрема за отпад. И покрај тоа што Извештајот за извршен попис е усвоен од страна на одговорното лице на УЈП, до денот на ревизијата не е постапено по истиот.

Наведените состојби не се во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци на постојаните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2016 година.

Препорака:
Одговорното лице на УЈП да преземе мерки и активности за спроведување на целосен попис на средствата и обврските и тоа:

- при вршење на попис на обврските пописната комисија да изврши проверка и потврдување на реалноста на искажаните обврски и да ја утврди правната основа за постоење на истите, како и нивната старосна структура,

[11] Договор за купопродажба на недвижен имот број 03-14099/1 од 19.12.2005 година
[12] Договор за реноивирање и ентериерно уредување на просторот број 05-9155/1 од 06.11.2008 годиназ
[13] Договор за изведба на градежно занаетски работи број 03-2769/1 од 11.04.2013 година

- преиспитување на состојбите евидентирани на позицијата Инвестиции во тек, утврдување на степенот на нивната довршеност, како и правилно евидентирање на соодветните конта во сметководствената евиденција,
- означување на основните средства со инвентарни броеви, утврдување на нивната фактичка состојба и усогласување со сметководствената состојба,
- утврдување/проценка на вредноста на основните средства и нивно сметководствено евидентирање на соодветните позиции во Билансот на состојба.

4.3.3. Согласно Законот за даночна постапка, УЈП има обврска да врши надворешна контрола и присилна наплата по даночни управни акти, со кои се побарува данок или споредна даночна давачка. Со цел обезбедување на даночното побарување во присилната наплата се воспоставува законско заложно право врз основа на Решение за залог, донесено од страна на УЈП. Понатаму, УЈП врши попис и запленување на движни и недвижни ствари, упис на заложното право во регистарот на движни предмети и недвижности, како и нивно впаричување преку продажба по пат на спроведување на јавна аукциа. Приходите од извршените продажби на движни предмети и недвижностите, УЈП ги уплатува на соодветна уплатна сметка на јавните приходи.

Со цел единствено постапување во спроведувањето на постапката за присилна наплата, УЈП има донесено Оперативна инструкција за присилна наплата[14].

Од причина што запленувањето се врши од страна на даночните службеници од регионалните дирекции на УЈП, во 2011 година со измените на актот за систематизација во УЈП, се формира Оддел - Центар за складирање и впаричување на запленети движни ствари во Неготино, со цел собирање на сите запланети движни ствари на едно место. Центарот функционира врз основа на Оперативна инструкција за работа[15], со која поблиску се уредува:

- начинот на постапување при примопредавање на движните предмети кои УЈП ги одзема од даночните обврзници при вршење на надворешна контрола или запленува во присилна наплата на даночен долг,
- начинот и постапката на евидентирање, сместување, чување, располагање и впаричување на запленетите движни предмети (отуѓување на стварите);
- уплатата на паричните средства од извршените продажби на запленети движни предмети и евидентирање на извршените уплати.

Од извршениот увид со приложената документација во врска со запленетите движни ствари ревизијата ги констатира следните состојби:

- не е воспоставена сметководствена евиденција на залихите на запленетиот имот во целина. Центарот располага само со материјални

[14] Оперативна инструкција за присилна наплата број 20-5044/1 од 24.07.2012 година

[15] Оперативна инструкција за работа на Центарот за складирање и впаричување на запленети движни ствари број 19-5131/1 од 17.08.2011 година

картици за одземените/запленетите движни предмети сместени во магацинскиот простор на Центарот. Согласно воспоставената материјална евиденција, Центарот за период од 2011 до 2016 година, располага со движни ствари во вкупна вредност од 31.065 илјади денари;

- не е извршен попис на запленетиот имот со состојба 31.12.2016 година. Пописната комисија извршила попис и изработила пописни листи, само на опремата која е во сопственост на УЈП и се однесува за тековно работење на Центарот;
- од извршениот увид во пописниот материјал за 2016 година, ревизијата утврди дека во РД Битола има запленет имот за кој е изработена и Пописна листа на попишани и запленети предмети на ден 31.12.2016 година, а РД Тетово располага со запленети парични средства при надворешна контрола во износ од 219 илјади денари за што е изработен Преглед од страна на пописната комисија, и покрај тоа што согласно оперативната инструкција запленетите предмети треба да се предадат во Центарот.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и Законот за даночна постапка и Оперативната инструкција и влијаат врз реалното искажување на податоците во финансиските извештаи на УЈП.

Препорака:
Одговорното лице на УЈП да преземе мерки и активности за воспоставување на сметководствена евиденција на запленетите движни и недвижни ствари во УЈП.

4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. УЈП во 2012 година склучила договор за набавка на симетричен интернет пристап, со времетраење до 30.08.2015 година. Поради истекување на важноста на договорот, во месец јули 2015 година донесена е одлука за започнување на нова постапка за набавка на симетричен интернет пристап и склучен е договор во месец февруари 2016 година. Од таа причина, до склучувањето на новиот договор за јавна набавка, интернет услугите биле набавувани по стариот договор, поради што преземени се обврски во вкупен износ од 1.008 илјади денари. Наведената состојба не е во согласност со член 2 од Законот за јавни набавки и создава ризик од ненавремено склучување на договор за јавна набавка.

Препорака:
Одговорното лица на УЈП да преземе активности за навремено планирање на годишните потребите од набавки и преземање на обврски врз основа на склучени договор.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2., 4.3. и 4.4. се однесуваат на издадените решенија за вработените согласно новиот акт за систематизација, оценувањето на вработените, воспоставувањето сметководствена евиденција и изработката на завршни сметки за сите сметки со кои располага УЈП, состојбите за евидентираните градежни објекти и за извршениот попис на средствата и изворите на средства, воспоставувањето сметководствена евиденција на залихите на запленетиот имот, постапувањето во делот на јавните набавки, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

5. Ревизорско мислење

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за финансии Управа за јавни приходи на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за финансии Управа за јавни приходи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. УЈП во 2016 година своето работење го извршува преку Генерална дирекција (ГД), Дирекција за големи даночни обврзници (ДГДО), пет Регионални дирекции (РД) и тоа во Скопје, Битола, Штип, Тетово и Кавадарци, осум даночни одделенија во состав на РД, 39 даночни шалтери лоцирани во ист број на општини и 3 мобилни даночни шалтери кои ги опслужуваат останатите 33 општини каде не постои финансиско оправдување за нивно постојано лоцирање.
Од извршениот увид на доставениот преглед на недвижен имот на УЈП, ревизијата констатира дека УЈП располага со сопствен недвижен имот само за објект во кој е сместена ДГДО, деловен објект во Струмица, Битола и Прилеп, добиени на трајно користење согласно Одлуки на Владата на РМ. Додека за останатите организациони единици на УЈП, како деловен простор се користи

недвижниот имот на други правни лица (деловни простории на име на Завод за платен промет, општински згради и други државни органи). Поради ваквата состојба УЈП се соочува со потешкотии во секојдневното функционирање на вработените во регионалните дирекции, од причина што поради нерасчистени имотно правни односи УЈП не е во можност да изврши реконструкција и адаптација на деловните простории или да врши реконструкција или адаптација на објекти кои не се нејзина сопственост, односно не и се дадени на користење согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општествена сопственост.

Од друга страна пак, користењето на заеднички простории со повеќе институции, наметнува потреба од поделба на трошоците за комунални услуги, од спроведување на заеднички набавки на стоки и услуги (опрема, масло за греење и сл.), што создава ризик од правилно утврдување на трошоците по институции, како и врз можноста од правилно спроведување на попис на крајот на тековната година.

Во насока на надминување на ваквата состојба, УЈП во соработка со надлежните институции, треба да отпочнат активности за регулирање и решавање на начинот на користење на недвижните ствари во кои се сместени организационите единици на УЈП, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[16].

6.2. Обрнуваме внимание на постоење на неизвеност во однос на исходот од една судска постапка која е во тек, во која тужена страна е УЈП за основен долг по основ на неплатена фактура, во износ од 955 илјади денари, зголемен за износот на законска казнена камата и трошоци. Исто така против УЈП се водат и 12 тужби по основ на работен однос, во износ од 2.071 илјади денари. Исходот од постапките може да има влијание на износот на расходите на УЈП.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на УЈП прифатени и спроведени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 10.019 илјади денари, спроведени во налог за книжење број м-дзр2016-17 од 12.05.2017 година, број СИД и број СИ од 16.05.2017 година. Исто така прифатена и спроведна е корекција во вонбилансната евиденција поради евиденција на реконстрикција и адаптација на сервер соба во Генералната дирекција на УЈП, во износ од 10.226 илјади денари, во налог за книжење м-дзр2016-17 од 12.05.2017 година. Спроведените корекции на секоја позиција пооделно, детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

[16] Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на РМ бр. 78/15, 106/15, 153/15),

7. Останати прашања

7.1. Согласно Законот за Управата за јавни приходи, УЈП има обврска да ги утврдува даноците, да врши нивна наплата и да води даночна евиденција преку единствен даночен информационен систем. Од причина што приходите по основ на ДДВ, данокот на добивка и персонален данок претставуваат клучни даночни приходи во Основниот буџет на РМ, во УЈП воспоставена е даночна евиденицијa по овој основ.

Ревизијата констатира дека побарувањата за ненаплатените даночни обврски на ден 31.12. во тековната година не се искажани ниту во финансиските извештаи на УЈП ниту во финансиските извештаи на Основниот буџет на РМ. Наведената состојба има влијание врз креирање на макроекономската политика на РМ и планирањето на приходите во Буџетот на РМ, поради што ревизијата смета дека потребно е УЈП во соработка со надлежните органи да преземат активности за надминување на наведената состојба односно сметководствено евидентирање на побарувањата по основ на даноци и нивно прикажување во финансиските извештаи.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година

во 000 денари

Опис на позицијата	Образложение	2016	2015
Приходи			
Трансфери и донации	3.1.1.	741.520	757.122
Вкупно приходи		**741.520**	**757.122**
Расходи			
Тековни расходи			
Плати и надоместоци	3.2.1.	698.818	705.142
Стоки и услуги	3.2.2.	42.662	47.245
Субвенции и трансфери	3.2.3.	40	1.610
Вкупно тековни расходи		**741.520**	**753.997**
Капитални расходи			
Капитални расходи		-	3.125
Вкупно капитални расходи		-	**3.125**
Вкупно расходи		**741.520**	**757.122**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

Опис на позицијата	Образло-жение	2016	2015
Актива			
Тековни средства			
Активни временски разграничувања		60.785	60.881
Залихи		2.070	2.461
Вкупно тековни средства		**62.855**	**63.342**
Постојани средства			
Нематеријални средства		14.783	15.572
Материјални средства		141.650	158.794
Материјални средства во подготовка		44.367	44.454
Вкупно постојани средства		**200.800**	**218.820**
Вкупна актива		**263.655**	**282.162**
Пасива			
Тековни обврски			
Краткорочни обврски спрема добавувачи		1.912	754
Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените		58.873	60.127
Пасивни временски разграничувања		35.000	35.000
Вкупно тековни обврски		**95.785**	**95.881**
Извори на средства			
Извори на капитални средства		167.870	186.281
Вкупно извори на деловни средства		**167.870**	**186.281**
Вкупна пасива		**263.655**	**282.162**

ПРЕГЛЕД			
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА			
			во 000 денари
О П И С	Државен јавен капитал	Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)	Вкупно
Состојба 01.01.2016 година	**183.820**	**2.461**	**186.281**
Зголемување по основ на:	**8.028**	**5.034**	**13.062**
Набавки	7.078	5.006	**12.084**
Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др.	-	-	-
Ревалоризација на капитални средства	1	-	**1**
Корекции во текот на ревизијата	949	28	**977**
Намалување по основ на:	**36.095**	**5.397**	**41.492**
Отпис на капитални средства			-
Ревалоризација на отпишани капитални средства		5.397	**5.397**
Амортизација	25.099	-	**25.099**
Корекции во текот на ревизијата	10.996	-	**10.996**
Состојба 31.12.2016 година	**155.753**	**2.098**	**157.851**

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Генерална Дирекција
Кабинет на директор

До:
Државен завод за ревизија
Палата Чучков
Ул.„Јордан Мијалков„
1000 Скопје

Број: 16 - 6048/1

Датум: 31.08.2017 година

01.09.2017
09-60/12

Предмет: Произнесување по дадени препораки
Врска:Ваш број:09-60/7 од 01/08/2017 година

Почитувани,

Нацрт извештаите на овластениот државен ревизор бр.09-60/6 од 01.08.2017 и бр.09-60/7 од 01.08.2017год. Управата за јавни приходи ги разгледа наодите, дадените препораки и ревизорското мислење и во врска истите се произнесува како што следи:

I Нацрт Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на МФ-УЈП за сметка на основен буџет 631

Точка 4.1.3:

Постапката е во тек.

Точка 4.2.1 алинеја 3:
По однос на отворената постапка бр. 11/2016 за доделување на Договор за јавна набавка на патничко моторно возило за потребите на Управата за јавни приходи, договорниот орган Управа за јавни приходи врз основа на донесената Одлука за јавна набавка број 03-5080/1 од 25.08.2016 година и добиената согласност од страна на Советот за јавни набавки со Решение број 10-14887/13 од 25.10.2016 година беше објавен оглас број 11/2016 со што до крајниот рок за поднесување на понуди, беа поднесени две понуди.
Комисијата за јавни набавки детално ја разгледа доставената документација, односноПонудата на понудувачот Друштво за промет и услуги ПОРШЕ Македонија ДООЕЛ Скопје и утврди дека понудувачот не ги исполнува условите за учество во постапката од причина што понудата содржи формални недостатоци, односно Изјавата за независна понуда е невалидна, од причина што изјавата за независна понуда не може да биде потпишана од ниту едно друго лице освен од одговорното лице, што јасно е наведено во образецот на самата изјава.
Имено понудувачот во својата понуда има доставено Изјава за независност на понудата, која не е валидна од причина што во изјавата стои дека ја дава овластеното лице Борче Мојсов, а истата е потпишана од страна на овластеното лице Борче Мојсов и одговорните лица. Златко Муцунски и Елмар Геиспер. Комисијата истото го констатира од доставеното овластување од страна на понудувачот.
Комисијата за јавни набавки во конкретниот случај не можеше да постапи согласно член 140 став 3 одЗаконот за јавните набавки, односно дека задолжително требало да побара појаснување или дополнување на документацијата, а не да ја отфрли понудата во целост.

Твој данок, твоја иднина!

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Имено, Комисијата за јавни набавки не постапи согласно одредбата од член 140 став 3 од ЗЈН бидејќи по член 129 став 3 од истиот закон јасно е наведено дека Изјавата за независна понуда се доставува заедно со понудата во секоја постапка одделно и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.
Воедно доколку понудувачот сметал дека Комисијата за јавни набавки не постапила согласно законот и тендерската документација, имал законско право во рок од 8 дена да вложи правно средство жалба, против донесената Одлука за избор на најповолна понуда, но истиот тоа не го направил.
Согласно претходно наведеното сметаме дека Комисијата за јавни набавки постапи во целост согласно Законот за јавните набавки и тендерската документација.
Во однос на понудата на економскиот оператор кој понудил ниво на опременост повисоко во однос на бараното, кога се дефинира техничката спецификација се дефинираат минималните карактеристики кои треба да се задоволат, па следствено на тоа се што е понудено над бараната техничка спецификација не значи дека понудата е неприфатлива или несоодветна и како таква да биде отфрлена при евалуацијата.

Точка 4.2.1 алинеја 4:
Во однос на наодот во врска со постапката за набавка на симетричен интернет е направен констатираниот пропуст, но Управата не утврдила неправилна вредност на склучениот договор, што е видливо од фактурите кои ги доставува економскиот оператор - носител на набавката во однос на услугата која ја нуди - предмет на набавката.
Во однос на вториот линк за симетричен интернет пристап, истиот е ставен во употреба по надминување на техничките пречки од наша страна кои беа причина за нестaвање на истиот во употреба. Немаме забелешки од економскиот оператор - носител на набавката околу исполнувањето на одредбите од договорот во однос на услуга и опрема.

Точка 4.2.1 алинеја 5:
Во врска со забелешките по извршената ревизија по однос на постапката за набавка на антивирусно решение по оглас за барање за прибирање на понуди број 06-1/2016 би сакале да информираме дека е постапено согласно член 39 став 2 и на поставеното прашање е одговорено во најкус можен рок и одговорот е прикачен на ЕСЈН со што е на увид на сите економски оператори кои подигнале тендерска документација. Одговорот на поставеното прашање е појаснување на техничката спецификација за која претходно е добиена согласност од Советот за јавни набавки и договорниот орган согласно член 38 став 4 не смее да ја менува.

Точка 4.2.2 и точка 4.2.3 :
Во врска со препораката за спроведување на постапка за писмоносни услуги во внатрешен сообраќај над 50 грама, Управата ќе ја почитува препораката и ќе спроведе ваква постапка во најкраток можен рок.

II Нацрт Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на МФ-УЈП за сметка на основен буџет 637

Точка 4.1.1:

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Постапката е во тек.

Точка 4.2.3:
Во однос на работењето со депозитните сметки заради решавање на состојбите на истите до Министерство за финансии доставени се дописи бр.19-3647/1 од 02.05.2017год и бр.19-3647/2 од 01.06.2017год кој ви ги доставуваме во прилог.
Исто така укажуваме на следното:
Депозитната сметка 0900515679696-10 е поврзана со функцијата на УЈП – наплата на даноци и по суштина е преодна сметка преку која даночните приходи наплатени во постапка на присилна наплата со впаричување и во стечајна постапка се распоредуваат на соодветни уплатни сметки за јавни приходи. Бидејќи оваа сметка не е сметка за редовното работење на УЈП како орган, УЈП даде барање до Министерство за финансии ваква преодна сметка за нераспоредени јавни приходи да се отвори во рамки на партијата 840, со соодветно дополнување на Упатството за начинот на распоредување и повратна јавните приходи. Со тоа, оваа депозитна сметка на УЈП ќе се затвори и ќе се надмине препораката за воведување на сметководствена евиденција и изработка на завршна сметка за истата.

Депозитната сметка 0900515679696-30 е отворена со иста намена како претходната, но за наплата на социјални придонеси во постапка на присилна наплата на службено утврден долг за неподнесена МПИН. Истата сеуште не се користи, а се работи на изнаоѓање на друг начин за спроведување на присилната наплата по наведениот основ, со што и оваа депозитна сметка на УЈП ќе може да се затвори и ќе се надмине препораката за воведување на сметководствена евиденција и изработка на завршна сметка за истата.

Депозитната сметка 0900515679696-25 е отворна по насоки на Министерството за финансии во врска со член 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва од 15/07/2008 год., со кој се регулира дека по завршување на постапката за бришење, сите средства од сметките на избришаните правни лица се пренесуваат на трезорска сметка на Буџетот на Република Македонија. Управата за јавни приходи се обрати до Министерството за финансии со барање на насоки за понатамошно ппостапување со средствата на оваа сметка, сметајќи дека овие средства не може неограничено да останат на депозитна сметка, туку треба да бидат буџетски приход и да ја зголемат буџетската ликвидност. По добивање на одговор од Министерството за финансии и пренос на средствата, и оваа сметка ќе биде затворена и ќе се надмине препораката за воведување на сметководствена евиденција и изработка на завршна сметка за истата.

Точка 4.3.1:
Превземени се активности, назначено е лице кое ќе изврши утврдување на пазарната вредност на објектите, а потоа истите сметководствено ќе ги евидентира Секторот за Финансиски Прашања-одделение за сметководство.

Со почит,

Директор,
Сања Лукаревска

Твој данок, твоја иднина!

Одговор
на забелешките на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 01.09.2017 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот од извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерство за финансии Управа за јавни приходи (во натамошниот текст УЈП), на сметката на основниот буџет (637), од овластеното лице на УЈП, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-60/12.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.** кои се однесуваат на недоволната кадровска екипираност на секторот за финансиски прашања, воспоставената поделба на должностите помеѓу вработените, со која се овозможува едно службено лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола, како и непредвидување на извршувањето на Ex-post финансиската контрола во актот за систематизација, претставува **известување** дека постапката на спроведување на препораката е во тек.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3.** која се однесува на невоспоставената сметководствена евиденција и неизработувањето на завршни сметки за сите сметки со кои располага УЈП, претставува **известување** за отпочнатите активности во насока на реализација на дадената препорака, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата и се дел од Нацрт извештајот издаден од страна на Овластениот државен ревизор.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.** која се однесува на тоа дека УЈП не располага со комплетна и уредна документација за недвижностите врз основа на која истите се воведени во сметководствената евиденција, како и нема утврдено пазарната вредност на објектите во Битола и Прилеп и не е извршено нивно сметководствено евидентирање во финансиските извештаи за 2016 година, претставува **известување** за преземените активности поврзани со утврдената состојба и дадената препорака, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата и истите се дел од Нацрт извештајот издаден од страна на Овластениот државен ревизор.